Република Северна Македонија
**Министерство за животна средина и просторно планирање**

Republika e Maqedonisë së Veriut
**Ministria e Mjedisit Jetësor dhe Planifikimit Hapësinor**

СЕКТОР ЗА ПРОСТОРНО ПЛАНИРАЊЕ
DEPARTAMENTI PËR PLANIFIKIM HAPËSINOR

Арх.бр. УП1-15 345/2022

Дата 25-02-2022

Врз основа на член 88 од Законот за општата управна постапка ("Службен весник на Република Македонија" бр. 124/15), а во врска со член 4, став 3 од Законот за спроведување на Просторниот план на Република Македонија ("Службен весник на Република Македонија" бр.39/04) и член 42, став 9 од Законот за урбанистичко планирање ("Службен весник на Република Северна Македонија" бр. 32/20), министерот за животна средина и просторно планирање, го донесе следното:

# РЕШЕНИЕ
## за Услови за планирање на просторот

1. Со ова Решение на Општина Штип, се издаваат **Услови за планирање на просторот за изградба на површински соларни и фотоволтаични електрани ( за поставување на фотонапонски панели за производство на електрична енергија кои се градат на земјиште), на КП 543/1, КП 544, КП 545, на дел од КП 520/1 и дел од КП 601 во КО Сарчиево, Општина Штип.**

Вкупната површина на предметниот опфат изнесува 3,24 ha. Предвидената моќност на површинските соларни и фотоволтаични електрани ќе биде до 10 MW.

2. Условите за планирање на просторот од точка 1 на ова Решение, изработени од Агенцијата за планирање на просторот со **тех.бр. Y35821** се составен дел на Решението.

3. Реализацијата за изградба на површински соларни и фотоволтаични електрани (за поставување на фотонапонски панели за производство на електрична енергија кои се градат на земјиште), на КП 543/1, КП 544, КП 545, на дел од КП 520/1 и дел од КП 601 во КО Сарчиево, Општина Штип, би требало да предизвика позитивни импулси и ефекти врз целото непосредно окружување од аспект на повисока организација, инфраструктурна опременост и уредност на максимално почитување и вградување на нормативите и стандарди за заштита на животна средина.

4. Со цел да се обезбеди заштита и унапредување на животната средина при изградбата на површински соларни и фотоволтаични електрани ( за поставување на фотонапонски панели за производство на електрична енергија кои се градат на


Министерство за животна средина и просторно планирање
на Република Северна Македонија
Плоштад „Пресвета Богородица" бр. 3, Скопје
Република Северна Македонија

Ministria e Mjedisit Jetësor dhe Planifikimit hapësinor
e Republikës së Maqedonisë së Veriut
Bul. "Presveta Bogorodica" nr. 3, Shkup
Republika e Maqedonisë së Veriut

+389 2 3251 403
www.moepp.gov.mk

земјиште), на КП 543/1, КП 544, КП 545, на дел од КП 520/1 и дел од КП 601 во КО Сарчиево, Општина Штип, потребно е да се почитуваат одредбите пропишани во законската регулатива од областа на заштита на животна средина и подзаконските акти донесени врз нивна основа.

5. При донесувањето на Одлука за спроведување или Одлука за не спроведување на стратегиска оцена за предметната документација изградба на површински соларни и фотоволтаични електрани (за поставување на фотонапонски панели за производство на електрична енергија кои се градат на земјиште), на КП 543/1, КП 544, КП 545, на дел од КП 520/1 и дел од КП 601 во КО Сарчиево, Општина Штип, задолжително да се земат во предвид претходнонаведените забелешки, како и забелешките од секторските области опфатени со Просторниот план на Република Македонија.

## ОБРАЗЛОЖЕНИЕ

Општина Штип, врз основа на член 42 став 4 од Законот за урбанистичко планирање (“Сл. весник на РСМ” бр. 32/20), ), поднесе барање преку е-урбанизам, со број на постапка УП 39787 до Агенцијата за планирање на просторот, преку електронскиот систем е-урбанизам, достави барање за издавање на Услови за планирање на просторот за изградба на површински соларни и фотоволтаични електрани (за поставување на фотонапонски панели за производство на електрична енергија кои се градат на земјиште), на КП 543/1, КП 544, КП 545, на дел од КП 520/1 и дел од КП 601 во КО Сарчиево, Општина Штип. Вкупната површина на предметниот опфат изнесува 3,24 ha. Предвидената моќност на површинските соларни и фотоволтаични електрани ќе биде до 10 MW.

Согласно член 42 став 8 од Законот за урбанистичко планирање (“Сл. весник на РСМ” бр. бр. 32/20), Агенцијата за планирање на просторот ги изработи Услови за планирање на просторот за изградба на површински соларни и фотоволтаични електрани (за поставување на фотонапонски панели за производство на електрична енергија кои се градат на земјиште), на КП 543/1, КП 544, КП 545, на дел од КП 520/1 и дел од КП 601, КО Сарчиево, Општина Штип и ги достави до Министерството за животна средина и просторно планирање под бр. УП1-15 345/2022 од 21.02.2022 година.

Услови за планирање на просторот за изградба на површински соларни и фотоволтаични електрани (за поставување на фотонапонски панели за производство на електрична енергија кои се градат на земјиште), на КП 543/1, КП 544, КП 545, на дел од КП 520/1 и дел од КП 601, КО Сарчиево, Општина Штип, претставуваат влезни параметри и смерници при планирањето на просторот и


Министерство за животна средина и просторно планирање
на Република Северна Македонија
Плоштад „Пресвета Богородица“ бр. 3, Скопје
Република Северна Македонија

Ministria e Mjedisit Jetësor dhe Planifikimit hapësinor
e Republikës së Maqedonisë së Veriut
Bul. “Presveta Bogorodica” nr. 3, Shkup
Republika e Maqedonisë së Veriut

+389 2 3251 403
www.moepp.gov.mk

поставувањето на планските концепции и решенија по сите области релевантни за планирањето на просторот.

Заклучните согледувања, дефинирани во Условите за планирање на просторот кои произлегуваат од "Просторниот план на Република Македонија", претставуваат обврзувачки активности во понатамошното планирање на просторот.

Врз основа на горенаведеното, а согласно член 88 од Законот за општата управна постапка ("Сл. весник на РМ" бр. 124/15), Министерството за животна средина и просторно планирање го донесе ова Решение за **Услови за планирање на просторот за изградба на површински соларни и фотоволтаични електрани (за поставување на фотонапонски панели за производство на електрична енергија кои се градат на земјиште), на КП 543/1, КП 544, КП 545, на дел од КП 520/1 и дел од КП 601 во КО Сарчиево, Општина Штип**, и одлучи како во диспозитивот.

**Упатство за правно средство**: Против ова Решение засегнатата јавност и органот кој го подготвува планскиот документ може да изјави жалба во рок од 15 (петнаесет) дена од денот на приемот на ова Решение до Државната Комисија за одлучување во управна постапка и постапка од работен однос во втор степен.

ПО ОВЛАСТУВАЊЕ НА МИНИСТЕР
РАКОВОДИТЕЛ НА СЕКТОР
Nebi Rexhepi

Изготвил: Исмаил Шехаби

Одобрил: Соња Фурнаџиска


Министерство за животна средина и просторно планирање
на Република Северна Македонија
Плоштад „Пресвета Богородица" бр. 3, Скопје
Република Северна Македонија

Ministria e Mjedisit Jetësor dhe Planifikimit hapësinor
e Republikës së Maqedonisë së Veriut
Bul. "Presveta Bogorodica" nr. 3, Shkup
Republika e Maqedonisë së Veriut

+389 2 3251 403
www.moepp.gov.mk